Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

со објавување на јавен оглас за избор на понудувач

за издавање под закуп на фискултурни сали, училници и хол

во ООУ „Блаже Конески“ Скопје



Општинско основно училиште „Блаже Конески“

ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

ООУ „Блаже Конекси”, со адреса на ул. „Венјамин Манчуковски” бр.4, 1000 Скопје, телефон за контакт 02/2469-746, електронска пошта blaze_koneski1@yahoo.com, има потреба од избор на понудувач за издавање под закуп на фискултурна сала и училници.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за издавање под закуп на фискултурна сала и училници со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за издавање под закуп на фискултурна сала, училници,ходници и хол или друг училишен простор согласно времето одредено во објавениот јавен оглас по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата (кај секретарот) на договорниот орган.

Со оваа покана Ви доставуваме покана за понуда која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.

Отворањето на понудите ќе се изврши на денот и часот кој е наведен во јавниот оглас во просториите на ООУ „Блаже Конески“ од страна на Комисијата без присуство на понудувачите.

Однапред благодариме на соработката.

ООУ „Блаже Конески“ Општина Аеродром – Скопје

Комисија за издавање на училшен простор под закуп

Претседател на Комисија

Кристијан Наумовски _____

Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

1. 1. Дефиниции

- „Понудувач“ е секој понудувач кој поднел понуда;
- „Понуда“ е предлог од понудувачот изготвен врз основа на барањето за прибирање на понуди и претставува основа за доделување на договорот за избор на понудувач за закуп на фискултурни сали,аула,училници и друг административно деловен простор;
- „Финансиска понуда“ е дел од понудата во кој се содржани понудените цени согласно условите од барањето за прибирање на понуди;
- „Прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од барањето за прибирање на понуди и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите;
- „Одговорно лице“ е директорот на основното училиште или директор на правно лице;

1. 2. Договорен орган

1.2.1. Договорен орган е ООУ „Блаже Конески”, со седиште на адреса: ул. „Венијамин Манчуковски” бр.4, 1000 Скопје, телефон за контакт 02-2469-746, електронска пошта **blaze_koneski1@yahoo.com.**
1.2.2. Лице за контакт кај договорниот орган е Николина Митев, телефон (02) 02-2469-746 електронска пошта blaze_koneski1@yahoo.com..

2. Предмет на договорот

2.1. Предмет на договорот е доделување на договор за издавање под закуп на фискултурна сала, ходници и хол, училници и друг училишен простор.

2.2. Детален опис на предметот на договорот е даден во спецификации кои се составен дел на барањето за прибирање на понуди.

2.3. Издавањето на фискултурната сала е наменето за повеќе видови на спортови и тоа: **кошарка, јога, одбојка,ракомет, џудо, теквондо, карате, пилатес, аеробик, зумба, аикидо, кик – бокс, јапонски вештини, бокс, танци и ора, модерен танц, балет, гимнастика, џит – кун и мечување**

2.4. Корисниците кои ги немаат подмирено старите долгови кон училиштето, немаат право да конкурираат за закуп.



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

3. Начин на испорака / извршување на работата

Закупецот е должен да го користи закупениот простор според договорените услови во точно утврдени термини.

Максималниот рок на закуп на недвижностите кои се предмет на овој оглас е заклучно до 30.06. 2027 година.

4. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

5.Минимална цена

- Фискултурна сала во ООУ ,,Блаже Конески“ Општина Аердодром со површина со 460 м^2 со 2 гардероби и тоалет **(почетна цена 1500,00 денари час + 8% за одржување** на сала + 1500,00 денари за потрошена електрична енергија за користење најмногу до 10 термини во месецот додека за користење од 11 термини и повеќе во месецот 2500,00 денари за потрошена електрична енергија)

- Училница во ООУ ,,Блаже Конески“ Општина Аердодром со површина со 40 м2 **(почетна цена 1000,00 денари час + 8% за одржување** на училница + 1000,00 денари за потрошена електрична енергија) или училница (9 часови) со месечна вкупна закупнина 8000,00 денари **+ 8% за одржување** на училница + 1000,00 денари за потрошена електрична енергија.

- Ходници или хол во ООУ ,,Блаже Конески“ Општина Аердодром со површина со 240 м2 **(почетна цена 850,00 денари час + 8% за одржување** на училница + 1000,00 денари за потрошена електрична енергија)

- Друг училишен простор во ООУ ,,Блаже Конески“ Општина Аердодром со површина со 100 м2 **(почетна цена 30.000,00 денари час + 8% за одржување** на училница + за потрошена електрична енергија, вода и собирање,транспорт и третман на комунален отпад согласно намената на користење на просторот- ексклузивен закуп)

6. Начин на плаќање

Понудувачите се должни закупнината да ја плаќаат однапред, најдоцна до 5 (петти) во месецот без оглед дали е примена фактурата или не. Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисија.

Пред склучувањето на договорот за закуп, понудувачите се должни да платат две закупнини однапред како гаранција за понатамошно навремено плаќање. Во спротивно договорот нема да биде склучен.



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

7. Критериум за утврдување на способност на понудувачите

7.1. Лична состојба

За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за закуп или да припаѓа на соодветно професионално здружение или сојуз согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Доколу понудувачот е физичко лице за да учествува во постапката треба да достави лична карта или патна исправа.

7.2. Способност за вршење на професионална дејност

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност ДРД образец како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за закуп или решение за обавување дејност како доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение или сојуз согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

8. Изготвување и поднесување на понудите

8.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во документацијата, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

8.2.Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на понуда **(Прилог 1),**
- Пополнет образец на изјава за гаранција пред склучување на Договор за **закуп (Прилог 2)**

1. Доказ за идентитет

1.1 За физички лица:

- лична карта или патна исправа
- Изјава заверена на нотар дека за време на користење на просториите за спортски активности, ќе обезбеди безбедно изведување на активностите под стручен надзор, а за евентуални последици по здравјето и безбедноста на присутните корисници (повреда/смрт), ќе ја преземе целосно одговорноста за настанатата последица **(прилог 3)**
- Адреса, контакт телефон, факс **(прилог Понуда)**

1.2 За други физички лица (адвокати, нотари, лекари и други):

- лична карта или патна исправа
- Потврда од соодветен регистар
- Потврда за регистрирана дејност

- Изјава заверена на нотар дека за време на користење на просториите за спортски активности, ќе обезбеди безбедно изведување на активностите под стручен надзор, а за евентуални последици по здравјето и безбедноста на присутните корисници (повреда/смрт), ќе ја преземе целосно одговорноста за настанатата последица **(прилог 3)**
- Адреса, контакт телефон, факс **(прилог Понуда)**

1.3 За правни лица (трговски друштва, здруженија на граѓани, трговец-поединец)

- ДРД Образец – Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на РМ
- ЗП образец за заверен потпис на овластено лице
- Изјава заверена на нотар дека за време на користење на просториите за спортски активности, ќе обезбеди безбедно изведување на активностите под стручен надзор, а за евентуални последици по здравјето и безбедноста на присутните корисници (повреда/смрт), ќе ја преземе целосно одговорноста за настанатата последица **(прилог 3)**
- Адреса, контакт телефон, факс **(прилог Понуда)**

2.Критериум за избор на најповолен понудувач е највисоката понудена закупнина, од бонитетен понудувач.

8.3. Облик на бараните документи:

Бараните документи за докажување на способноста за вршење на дејноста се доставуваат во оригинал или заверени на нотар.

8.4.Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

8.5. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

8.6. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

8.7.Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

8.8. Краен рок за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудата е **10.09.2026г. до 12:00 часот** во архивата на ООУ „Блаже Конески„ Општина Аеродром.

9. Критериуми за доделување на договорот

Критериуми за избор на најповолна понуда и доделување на договорот се:

Цена 100 бода;

10. Известување на понудувачите

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката.

11. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за закуп и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на фискултурна сала , училници, и хол на ООУ „Блаже Конески“, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за закуп, во согласност со условите и постапката предвидени со Правилникот за постапката,начинот и условите за давање на користење на училишниот простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Аеродром (број 09-61/3 од 10.02.2020) и член 7а од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за постапката,начинот и условите за давање на користење на училишен простор и спроведување на други актирвности во врска со основните училишта на Општина Аеродром (Општина Аеродром број 09-77/2 од 12.03.2021год).



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на Огласот за издавање под закуп на фискултурна сала и училници објавен од страна на Општинското Основно Училиште „Блаже Конески“ за доделување на договор за издавање под закуп на фискултурна сала, училници и хол во ООУ„Блаже Конески“во постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас и на документација која ја преземавме од **веб страната на училиштето https://ooublazekoneski.edu.mk/**, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А бр._____

<u>Дел 1 – Информации за понудувачот</u>

I.1. Име на понудувачот:

_____

I.2. Контакт информации

- Адреса: _____
- Телефон: _____
- Факс: _____
- Е-пошта: _____
- Лице за контакт: _____

I.3. Одговорно лице: _____

I.4. Даночен број: _____

Понудувач

_____

Потпис на одговорно лице и печат



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Фискултурна сала со површина од 460м2	Термини	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок	Сабота
	15:00 – 16:00						
	16:00 – 17:00						
	17:00 – 18:00						
	18:00 – 19:00						
	19:00 – 20:00						
	20:00 – 21:00						
	21:00 – 22:00						
	22:00 – 23:00						

***во празните полиња потребно е да се запише износот на цената со која се надавате и истата не треба да биде пониска од утврдената во огласот бр.03-357/1 и Барањето за прибирање на понуди**

Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

	Термини	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок	Сабота
Училница со површина од 40м2	15:00 – 16:00						
	16:00 – 17:00						
	17:00 – 18:00						
	18:00 – 19:00						
	19:00 – 20:00						
	20:00 – 21:00						
	21:00 – 22:00						

***во празните полиња потребно е да се запише износот на цената со која се надавате и истата не треба да биде пониска од утврдената во огласот бр.03-357/1 и Барањето за прибирање на понуди**

Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Ходници и хол со површина од 240м2	Термини	Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок	Сабота
	18:00 – 19:00						
	19:00 – 20:00						
	20:00 – 21:00						
	21:00 – 22:00						

***во празните полиња потребно е да се запише износот на цената со која се надавате и истата не треба да биде пониска од утврдената во огласот бр.03-357/1 и Барањето за прибирање на понуди**

- Друг училишен простор (100 м2 / екслузивен закуп) _____ денари, користење на просторот од понеделник до петок (исклучок се државните празници), термините се одредуваат согласно намената за користење.



Општинско основно училиште „Блаже Конески“

ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје

Тел/ факс: 02/2469- 746

Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Прилог 2

ИЗЈАВА

За гаранција пред склучување на Договор за закуп

Изјавуваме дека доколку ни биде доделен договорот за закуп по спроведување на постапката за јавно наддавање по објавениот оглас, пред потпишување на Договорот за закуп, ќе обезбедиме гаранција за обврските во износ од 2 (две) месечни закупнини.

Скопје, _____2026 год.

Понудувач

_____

Потпис на одговорно лице и печат

Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Прилог 3
(заверено на нотар)

ИЗЈАВА

_____ ИЗЈАВУВАМЕ дека за време на користење на просториите за спортски активности, ќе обезбеди безбедно изведување на активностите под стручен надзор, а за евентуални последици по здравјето и безбедноста на присутните корисници (повреда/смрт), ќе ја преземе целосно одговорноста за настанатата последица.

Скопје, _____2026 год.

Понудувач

_____

Потпис на одговорно лице и печат